| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Подготовки на животните за зима |
| **Содржина на денот** | Моето мече |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Драгшиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Потикнете го детето за правилно самостојно миење на рацете од безбедносни причини. |
| **Активност** | Разгледувајте со детето сликовница со шумски животни и побарајте да го препознае мечето (слика 1). Запрашајте го - „Каде е твојата играчка мече?“ (слика2). Со помош на прашања запознајте го детето со деловите на телото од мечето како на пр.„ Што се овие на мечето?“ - нозе „Што има на главата?“ -очи, уши, уста и др.прашања.<br>Поттикнете го детето да го имитира движењето на мечката откако Вие ќе му го демонстрирате одењето на медо ,а можете од интернет да му пуштите и да слушне како се јавува мечката.<br>Продолжете со ликовна игра „Моето мече” во која Вие ќе нацртате контура на мече (слика 3), а детето да ја испечати со прсте. Поставете му ја бојата во сад од кој ќе може самостојно со прстето да зема боја и да го печати мечето. Охрабрувајте го во текот на работата да ја исполни задачата и на крај наградете го со сочна круша која и медо многу сака да ја јаде. |